А бр. 123/20
23.12.2020 година

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16) и , Основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар, донесе

**О Д Л У К А**
**за не избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работно место **Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право, во Казнено правно одделение во Сектор за стручно јавнообвинителска работа,** во **Основно јавно обвинителство Гостивар, не се врши избор на кандидат.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со јавниот оглас бр.1/2020 објавен на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер",„Нова Македонија" и „Коха", за вработување на кандидат за јавнообвинителски службеник на работно место **Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право, во Казнено правно одделение во Сектор за стручно јавнообвинителска работа Основно јавно обвинителство Гостивар**, по спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, **Основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар** донесе одлука да не врши избор на кандидат за јавнообвинителски службеник за наведеното работно место.

Од тие причини, се одлучи како во точка 1 од диспозитивот на одлуката.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Башким Хисени**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Совет на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Архива.